Упатство за инсталирање

Daikin собен клима уред



ATXF25G5V1B
ATXF35G5V1B

Упатство за инсталирање
Daikin собен клима уред

македонски

Содржина

1 За документацијата 2
1.1 За овој документ 2
2 Специфични безбедносни упатства за инсталатер 2
3 За кутијата 4
3.1 Внатрешна единица 4
3.1.1 Да ги извадите додатоците од внатрешната единица 5
4 За единицата 5
4.1 Приказ на систем 5
4.2 Опсег на работење 5
4.3 За безжичната ЛАН 5
4.3.1 Предупредувања кога се користи безжичниот LAN 5
4.3.2 Основни параметри 5
5 Инсталирање на единицата 6
5.1 Подготовка на локацијата за инсталација 6
5.1.1 Барања кои треба да ги исполни локацијата за инсталација на внатрешна единица 6
5.1.2 Дополнителни барања кои треба да ги исполни локацијата за инсталација на надворешната единица при ладна клима 6
5.2 Отворање на внатрешната единица 6
5.2.1 Да го извадите предниот панел 6
5.2.2 Повторно да го инсталирате предниот панел 6
5.2.3 Да ја извадите предната решетка 6
5.2.4 За повторно инсталирање на предната решетка 7
5.2.5 Да го извадите капакот на кутијата со електрично вжичување 7
5.2.6 Да го отворите капакот за сервисирање 7
5.3 Монтирање на внатрешната единица 7
5.3.1 Да се инсталира плочата за монтирање 7
5.3.2 Да издупчите отвор во ѕид 8
5.3.3 Да ја извадите облогата на портата на цевката 8
5.3.4 Да се обезбеди одвод 9
6 Инсталирање на цевковод 10
6.1 Подготвување цевковод за разладно средство 10
6.1.1 Барања за цевковод за разладно средство 10
6.1.2 Изолација на цевките со разладно средство 10
6.2 Поврзување на цевководот со разладно средство 10
6.2.1 Упатства при поврзување на цевководот за разладно средство 10
6.2.2 Да го поврзете цевководот за разладно средство со внатрешната единица 11
6.3 Проверка на цевководот со разладно средство 11
6.3.1 Да проверите за истекувања 11
6.3.2 Да извршите вакуумско сушење 11
7 Електрична инсталација 11
7.1 Спецификации на компоненти за стандардно вжичување 12
7.2 Да го поврзете електричното вжичување со внатрешната единица 12
8 Завршување на инсталирањето на внатрешната единица 13
8.1 Да ги изолирате цевките за одвод, цевките за разладно средство и каблите за меѓусебно поврзување 13
8.2 Да поминат цевките низ отворот во ѕидот 13
8.3 Да ја прицврстите единицата на плочата за монтирање 13
9 Конфигурација 13
9.1 Да поставите на различен канал на приемникот на инфрацрвен сигнал на внатрешната единица 13
10 Пуштање во погон 14
10.1 Листа за проверка при пуштање во погон 14
10.2 Да извршите пробно вклучување 15
10.2.1 Да извршите пробно вклучување во зимска сезона 15
11 Фрлање 15
12 Технички податоци 16
12.1 Дијаграм за вжичување 16
12.1.1 Легенда за унифициран дијаграм за вжичување 16

1 За документацијата

1.1 За овој документ

ИНФОРМАЦИИ

Уверете се дека корисникот има печатена документација и побарајте да ја чува за идна потреба.

Целна група

Овластени инсталатери

ИНФОРМАЦИИ

Овој уред е наменет да се користи од експерт или обучени корисници во продавници, во лесна индустрија и на фарми, или за комерцијална и употреба во домаќинство од лаици.

Збирка документи

Овој документ е дел од збирка документи. Целосната збирка се состои од:

- **Општи безбедносни предупредувања:**
  - Безбедносни упатства што МОРА да ги прочитате пред инсталирање
  - Формат: Хартија (во кутијата на внатрешната единица)
- **Упатство за инсталирање на внатрешна единица:**
  - Упатства за инсталација
  - Формат: Хартија (во кутијата на внатрешната единица)
- **Референтно упатство за инсталатер:**
  - Подготовка на инсталацијата, добри практики, референтни податоци,…
  - Формат: Дигитални датотеки на https://www.daikin.eu. Користете ја функцијата за пребарување 🔍 за да го најдете вашиот модел.

Најнова ревизија на доставената документација е објавена на регионалната Daikin веб-страница и е достапна преку вашиот продавач.

Оригиналните упатства се напишани на англиски јазик. Сите други јазици се преводи на оригиналните упатства.

Технички инжењерски податоци

- **Подзбир** на најновите технички податоци е достапен на регионалната Daikin веб-страница (достапно за јавноста).
- **Целиот сет** на најновите технички податоци е достапен на Daikin Business Portal (потребна е автентикација).

2 Специфични безбедносни упатства за инсталатер

Секогаш придржувајте се на следните безбедносни упатства и прописи.

Инсталирање единица (видете "5 Инсталирање на единицата" [▶ 6])

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Инсталацијата треба да ја изврши инсталатер, изборот на материјали и инсталацијата треба да соодветствуваат со применливата легислатива. Во Европа, EN378 е применливиот стандард.

Место за инсталација (видете "5.1 Подготовка на локацијата за инсталација" [▶ 6])

ВНИМАНИЕ

- Проверете дали локацијата за инсталација може да ја поддржи тежината на единицата. Слабата инсталација е опасна. Исто така може да предизвика вибрации или невообичаена бучава при работење.
- Обезбедете доволен простор за сервис.
- НЕ инсталирајте ја единицата така да биде во контакт со таванот или ѕидовите, бидејќи ова може да предизвика вибрации.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Уредот треба да се складира во просторија без постојано функционални извори на палење (пример: отворен оган, апарат кој работи на гас или електрична греалка која работи).

Поврзување на цевководот со разладно средство (видете "6.2 Поврзување на цевководот со разладно средство" [▶ 10])

ВНИМАНИЕ

- Да не се леми или заварува на лице место за единици со R32 разладно средство наполнето во текот на испораката.
- Во текот на инсталацијата на системот за ладење, спојувањата на делови со најмалку еден наполнет дел треба да се извршат имајќи ги во предвид на следните барања: во зафатените простори не се дозволени непостојани сврзувања за разладното средство R32 со исклучок на сврзувања направени на лице место кои директно ја поврзуваат внатрешната единица со цевководот. Сврзувањата направени на лице место што директно го поврзуваат цевководот со внатрешната единица треба да бидат од непостојан тип.

НАПОМЕНА

- Користете конусна навртка фиксирана за единицата.
- За да спречите истекување гас, нанесете разладно масло САМО на внатрешната страна на конусот. Користете разладно масло за R32 (FW68DA).
- НЕ користете ги повторно спојките.

НАПОМЕНА

- НЕ користете минерално масло на конусниот дел.
- НЕ користете повторно цевки од претходни инсталации.
- НИКОГАШ не инсталирајте сушач во оваа R32 единица за да се гарантира нејзиниот работен век. Материјалот за сушење може да го разложи и оштети системот.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Цврсто поврзете го цевководот за разладно средство пред да го вклучите компресорот. Ако цевководот за разладно средство НЕ е поврзан и вентилот за запирање е отворен кога компресорот е вклучен, ќе се вшмука воздух. Ова ќе предизвика абнормален притисок во циклусот на ладење, што може да доведе до оштетување на опремата па дури и до повреда.

ВНИМАНИЕ

- Непотполно изработен конус може да предизвика истекување на разладниот гас.
- НЕ користете ги повторно употребените конуси. Користете нови конуси да спречите истекување на разладен гас.
- Користете конусни навртки кои се вклучени со единицата. Користењето поинакви конусни навртки може да предизвика истекување на разладниот гас.

ВНИМАНИЕ

НЕ отворајте ги вентилите пред да заврши формирањето конус. Ова ќе предизвика истекување на разладниот гас.

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД ЕКСПЛОЗИЈА

НЕ отворајте ги вентилите за запирање пред да заврши сушењето со вакуум.

Полнење разладно средство (видете Полнење разладно средство)

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- Разладното средство во единицата е слабо запаливо, но нормално НЕ истекува. Ако разладното средство истекува во просторијата и доаѓа во контакт со оган од горилник, греалка или шпорет, тоа може да предизвика пожар или формирање штетен гас.
- ИСКЛУЧЕТЕ ги сите запаливи уреди за греење, проветрете ја просторијата и контактирајте со продавачот каде сте ја купиле единицата.
- НЕ користете ја единицата додека сервисер не потврди дека делот од кој истекувало разладно средство е поправен.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- Користете само R32 како разладно средство. Други супстанции може да предизвикаат експлозии и несреќи.
- R32 содржи флуоринирани стакленички гасови. Неговата вредност на потенцијал за глобално затоплување (GWP) е 675. НЕ испуштајте ги овие гасови во атмосферата.
- Кога полните разладно средство, СЕКОГАШ користете заштитни ракавици и безбедносни очила.

НАПОМЕНА

За да избегнете дефект на компресорот, НЕ полнете повеќе од посоченото количество разладно средство.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

НИКОГАШ директно не допирајте никакво ненадејно истечено разладно средство. Тоа може да предизвика сериозни повреди предизвикани од измрзнување.

Електрична инсталација (видете "7 Електрична инсталација" [▸ 11])

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Уредот МОРА да биде инсталиран во согласност со националните прописи за вжичување.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- Секое вжичување МОРА да се изврши од овластен електричар и МОРА да соодветствува со националната регулатива за вжичување.
- Направете електрични поврзувања на фиксното вжичување.
- Сите компоненти набавени на местото и сите електрични конструкции МОРА да соодветствуваат со применливата легислатива.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- Ако на снабдувањето со електрична енергија му недостасува или има погрешна N-фаза, опремата може да се расипе.
- Поставување соодветно заземјување. НЕ заземјувајте ја единицата за комунална цевка, апсорбер на прекумерен напон или заземјување за телефон. Непотполното заземјување може да предизвика струјни удари.
- Инсталирајте потребни осигурувачи или прекинувачи на коло.
- Осигурете го електричното вжичување со прицврстувачи за кабел за каблите да НЕ може да дојдат во контакт со остри рабови или цевковод, особено на страната со висок притисок.
- НЕ користете лепени жици, продолжни кабли или поврзувања од ѕвездест систем. Тие може да предизвикаат прегревање, струјни удари или пожар.
- НЕ инсталирајте кондензатор со фаза поместена напред, бидејќи оваа единица е опремена со инвертер. Кондензаторот со фаза поместена напред ќе ги намали перформансите и може да предизвика несреќа.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

СЕКОГАШ користете кабел со повеќе јадра за кабли за електрично напојување.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Користете сеполен автоматски прекинувач со најмалку 3 mm зазор помеѓу контактните точки, што обезбедува целосно исклучување под преднапон од категорија III.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Ако кабелот за електрично напојување е оштетен, тој МОРА да се замени од производителот, негов сервисер или слично квалификувани лица за да се избегне опасност.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

НЕ поврзувајте го електричното напојување на внатрешната единицата. Тоа може да доведе до струен удар или пожар.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- НЕ употребувајте локално купени електрични делови во производот.
- НЕ изведувајте електрично напојување од пумпата за одвод и сл. од терминалниот блок. Тоа може да доведе до струен удар или пожар.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Чувајте ги жиците за меѓусебно поврзување подалеку од бакарните цевки без термална изолација бидејќи таквите цевки ќе бидат многу жешки.

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР

Сите електрични делови (вклучувајќи и термистори) се напојувани од електричното напојување. НЕ допирајте ги со голи раце.

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР

Исклучете го напојувањето со електрична енергија повеќе од 10 минути и измерете го напонот на терминалите на кондензаторите на главното коло или електричните компоненти пред сервисирање. Напонот МОРА да биде помал од 50 V DC пред да може да ги допирате електричните делови. За локацијата на терминалите, погледнете го дијаграмот за вжичување.

Завршување на инсталирање на внатрешната единица (видете Завршување на инсталирањето на надворешната единица)

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР

- Уверете се дека системот е правилно заземјен.
- ИСКЛУЧЕТЕ го електричното напојување пред сервисирање.
- Инсталирајте го капакот на кутијата со осигурувачи пред да го ВКЛУЧИТЕ електричното напојување.

Пуштање во погон (видете "10 Пуштање во погон" [▸ 14])

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД ГОРЕЊЕ/ПАЛЕЊЕ

ВНИМАНИЕ

НЕ вршете операција на тестирање додека работите на внатрешните единица(и).

Кога вршите операција на тестирање, НЕ САМО надворешната единица, туку и поврзаната внатрешна единица ќе работи исто така. Работење на внатрешна единица додека се извршува операција на тестирање е опасно.

ВНИМАНИЕ

НЕ ставајте прсти, прачки или други предмети во влезот или излезот за воздух. НЕ вадете го штитникот за вентилатор. Кога вентилаторот се врти со висока брзина, тоа може да предизвика повреда.

A2L **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: БЛАГО ЗАПАЛИВ МАТЕРИЈАЛ**

Разладното средство во единицата е слабо запаливо.

3 За кутијата

3.1 Внатрешна единица

ИНФОРМАЦИИ

Следниве слики се примери и може да НЕ одговараат целосно на изгледот на вашиот систем.

3.1.1 Да ги извадите додатоците од внатрешната единица

1 Извадете ја:

- торбичката со додатоци сместена на дното на пакувањето,
- плочата за монтирање закачена на задниот дел од внатрешната единица.
- резервната SSID лепенка сместена на предната решетка.



a Упатство за инсталирање
b Упатство за работење
c Општи безбедносни предупредувања
d Резервна SSID лепенка
e Шраф за прицврстување на внатрешната единица (M4×12L). Погледнете "8.3 Да ја прицврстите единицата на плочата за монтирање" [▶ 13].
f Сува батерија AAA.LR03 (алкална) за кориснички интерфејс
g Држач за безжичен далечински управувач (кориснички интерфејс)
h Безжичен далечински управувач (кориснички интерфејс)
i Плоча за монтирање

2 **Резервна SSID лепенка.** НЕ фрлајте ја резервната лепенка. Чувајте ја на безбедно место во случај да ви притреба во иднина (пр. во случај да ја смените предната решетка закачете ја на новата предна решетка).

4 За единицата

A2L **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: БЛАГО ЗАПАЛИВ МАТЕРИЈАЛ**

Разладното средство во единицата е слабо запаливо.

4.1 Приказ на систем

ИНФОРМАЦИИ

Следниве слики се примери и може да НЕ одговараат целосно на изгледот на вашиот систем.



a Внатрешна единица
b Капак за сервисирање
c Филтер за воздух
d Деодорирачки филтер од титаниум апатит и филтер со сребрени честички
e Цевки за разладно средство, црево за одвод и кабел за меѓусебно поврзување
f Изолациска лента

4.2 Опсег на работење

Користете го системот во следните опсези на температура и влажност за безбедно и ефикасно работење.

Режим на работење	Опсег на работење
Ладење[a][b]	▪ Надворешна температура: –10~48°C DB ▪ Внатрешна температура: 18~32°C DB ▪ Внатрешна влажност: ≤80%
Греење[a]	▪ Надворешна температура: –15~24°C DB ▪ Внатрешна температура: 10~30°C DB
Сушење[a]	▪ Надворешна температура: –10~48°C DB ▪ Внатрешна температура: 18~32°C DB ▪ Внатрешна влажност: ≤80%

[a] Безбедносниот уред може да го запре работењето на системот ако единицата работи надвор од својот опсег на работење.
[b] Кондензација и капење на вода може да настанат ако единицата работи надвор од својот опсег на работење.

4.3 За безжичната ЛАН

За детални спецификации, упатства за инсталација, начини на поставување, ЧПП, изјава за сообразност и најновата верзија од овој прирачник, посетете app.daikineurope.com.

ИНФОРМАЦИИ: Изјава за сообразност

- Daikin Europe N.V. изјавува дека типот на радиоопрема во внатрешноста на оваа единица е во согласност со Директивата 2014/53/EU и S.I. 2017/1206: Radio Equipment Regulations 2017.
- Оваа единица се смета како комбинирана опрема според дефиницијата на Директивата 2014/53/EU и S.I. 2017/1206: Radio Equipment Regulations 2017.

4.3.1 Предупредувања кога се користи безжичниот LAN

НЕ користете го во близина на:

- **Медицинска опрема.** Пр. лица што користат срцеви пејсмејкери или дефибрилатори. Овој производ може да предизвика електромагнетна интерференција.
- **Опрема за автоматска контрола.** Пр. автоматски врати или опрема за противпожарен аларм. Овој производ може да предизвика неправилно работење на опремата.
- **Микробранова печка.** Може да влијае на безжични LAN комуникации.

4.3.2 Основни параметри

Која	Вредност
Фреквенциски опсег	2400 MHz~2483.5 MHz
Радиопротокол	IEEE 802.11b/g/n
Канал на радиофреквенција	1~13
Излезна моќност	13 dBm
Ефективна изсрачена моќност	15 dBm (11b) / 14 dBm (11g) / 14 dBm (11n)

Која	Вредност
Снабдување со електрична енергија	DC 14 V / 100 mA

5 Инсталирање на единицата

5.1 Подготовка на локацијата за инсталација

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Уредот треба да се складира во просторија без постојано функционални извори на палење (пример: отворен оган, апарат кој работи на гас или електрична греалка која работи).

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Уредот кој користи разладно средство R32 треба да се складира така за да се спречи механичко оштетување и во добро проветрена просторија без постојано функционални извори на палење (пр. отворен оган, апарат кој работи на гас или електрична греалка која работи). Големината на просторијата треба да е како што е наведено во Општите безбедносни предупредувања.

5.1.1 Барања кои треба да ги исполни локацијата за инсталација на внатрешна единица

ИНФОРМАЦИИ

Нивото на звучен притисок е помало од 70 dBA.

- **Проток на воздух.** Уверете се дека ништо не го блокира протокот на воздух.
- **Одвод.** Уверете се дека водата од кондензацијата може правилно да истекува.
- **Изолација на ѕид**. Кога условите во ѕидот надминуваат 30°C и релативна влажност од 80%, или кога свеж воздух се доведува во ѕидот, тогаш е потребна дополнителна изолација (минимум 10 mm дебела, полиетиленска пена).
- **Јачина на ѕид.** Проверете дали ѕидот или подот се доволно силни да ја издржат тежината на единицата. Ако постои ризик, зацврстете го ѕидот или подот пред да ја инсталирате единицата.
- **Растојание.** Инсталирајте ја единицата најмалку 1,8 m од подот и имајте ги во предвид следниве побарувања за растојанија од ѕидовите и таванот:



5.1.2 Дополнителни барања кои треба да ги исполни локацијата за инсталација на надворешната единица при ладна клима

Заштитете ја надворешната единица од директни врнежи на снег и внимавајте надворешната единица НИКОГАШ да не е покриена со снег.

Во области со големи врнежи снег многу е важно да изберете локација за инсталирање каде снегот НЕМА да ја зафаќа единицата. Ако се можни странични врнежи од снег, уверете се дека калемот на разменувачот на топлина НЕ е засегнат од снегот. Ако е потребно, инсталирајте настрешница за снег или шупа и подножје.

5.2 Отворање на внатрешната единица

5.2.1 Да го извадите предниот панел

1 Држете го предниот панел за јазичињата на панелот на двете страни и отворете го.



a Јазичиња на панел

2 Извадете го предниот панел со лизгање налево или надесно и со влечење кон вас.

Резултат: Оската на предниот панел на 1 страна ќе се одвои.

3 Одвојте ја оската на предниот панел на другата страна на истиот начин.



a Оска на преден панел

5.2.2 Повторно да го инсталирате предниот панел

1 Прикачете го предниот панел. Порамнете ги оските со отворите и гурнете ги до крај.

2 Полека затворете го предниот панел; притиснете на двете страни и во средината.

5.2.3 Да ја извадите предната решетка

ВНИМАНИЕ

Носете соодветна лична заштитна опрема (заштитни ракавици, безбедносни очила,…) кога го инсталирате, одржувате или го сервисирате системот.

1 Извадете го предниот панел за да го извадите филтерот за воздух.

2 Извадете 2 шрафа (класа 20~35) или 3 шрафа (класа 50~71) од предната решетка.

3 Притиснете ги надолу 3 горни куки означени со симбол со 3 круга.



a Горна кука
b Симбол со 3 круга

4 Препорачуваме отворање на подвижниот капак пред да ја извадите предната решетка.

5 Ставете ги двете раце под средината на предната решетка, гурнете ја нагоре, а потоа кон вас.



5.2.4 За повторно инсталирање на предната решетка

1 Инсталирајте ја предната решетка и цврсто затегнете ги 3 горни куки.

2 Инсталирајте ги 2 шрафа назад на предната решетка.

3 Инсталирајте го филтерот за воздух, а потоа монтирајте го предниот панел.

5.2.5 Да го извадите капакот на кутијата со електрично вжичување

Предуслов: Извадете ја предната решетка.

1 Извадете 1 шраф од кутијата со електрично вжичување.

2 Отворете го капакот на кутијата со електрично вжичување со влечење на испакнатиот дел на горниот дел на капакот.

3 Откачете го јазичето на долниот дел и отстранете го капакот на кутијата со електрично вжичување.



a Испакнат дел на горниот дел на капакот
b Јазиче

5.2.6 Да го отворите капакот за сервисирање

1 Извадете 1 шраф од капакот за сервисирање.

2 Повлечете го капакот за сервисирање хоризонтално, подалеку од единицата.



a Шраф на капак за сервисирање
b Капак за сервисирање

5.3 Монтирање на внатрешната единица

5.3.1 Да се инсталира плочата за монтирање

1 Привремено инсталирајте ја плочата за монтирање.

2 Порамнете ја плочата за монтирање.

3 Означете ги центрите на точките за дупчење на ѕидот со помош на лентесто метро. Позиционирајте го крајот на лентестото метро на симболот "▷".

4 Завршете ја инсталацијата со зацврстување на плочата за монтирање на ѕидот со користење шрафови M4×25L (се набавува на лице место).



ИНФОРМАЦИИ

Отстранетата облога на портата на цевката може да се чува во џебот на плочата за монтирање.



- **a** Препорачани точки за прицврстување на плочата за монтирање
- **b** Џеб за облога на порта на цевка
- **c** Крај на цевка за течност
- **d** Крај на цевка за гас
- **e** Користете лентесто метро како што е прикажано
- **f** Јазичиња за поставување либела
- **g** Центар на единицата
- **h** Отвор за вградени цевки Ø65 mm
- **i1** Средина на отвор за цевка: 160 mm на лево
- **i2** Средина на отвор за цевка: 170 mm на десно
- **j** Позиционирајте го лентестото метро на симболот "▷"
- **k** За FTXTP крај на цевка користете ознака "L" и "G"
- **l** Должина на цевка за гас
- **m** Должина на цевка за течност
- **n** Должина на одводно црево
- **o** Контури на единицата

5.3.2 Да издупчите отвор во ѕид

ВНИМАНИЕ

За ѕидови кои имаат метална рамка или метален раб, користете цевка вградена во ѕид и ѕидна облога на отворот за напојување, за да спречите можно загревање, струен удар или пожар.

НАПОМЕНА

Уверете се дека сте ги затвориле сите отвори околу цевките со материјал за заптивање (се набавува на лице место), за да се спречи истекување вода.

1. Издупчете отвор за напојување со големина 65 mm во ѕидот со закосеност надолу кон надвор.
2. Ставете ја цевката за вградување во ѕид во отворот.
3. Ставете ја ѕидната облога во ѕидната цевка.



- **a** Цевка вградена во ѕид
- **b** Кит
- **c** Капак за отвор во ѕид

4. По завршувањето на вжичувањето, поставувањето на цевките за разладно средство и цевки за одвод, НЕ заборавајте да го затворите процепот со кит.

5.3.3 Да ја извадите облогата на портата на цевката

ИНФОРМАЦИИ

Да ги поврзете цевките на десната страна, долу десно, на левата страна или долу лево, облогата на портата на цевката МОРА да се извади.

1. Исечете ја облогата на портата на цевката од внатрешната страна на предната решетка со помош на рачна пила.



2. Порамнете ги евентуалните нерамнини по должината на пресекот со помош на иглична турпија со полукружен попречен пресек.



НАПОМЕНА

НЕ користете клешти за отстранување на облогата на портата на цевката, бидејќи тоа ќе ја оштети предната решетка.

5.3.4 Да се обезбеди одвод

Уверете се дека водата од кондензацијата може правилно да истекува. Ова вклучува:

- Општи упатства
- Поврзување на цевководот за одвод на внатрешната единица
- Проверување за истекувања на вода

Општи упатства

- **Должина на цевка.** Цевката за одвод нека биде што е можно пократка.
- **Големина на цевка.** Ако е потребно продолжување на цревото за одвод или вградена цевка за одвод, користете соодветни делови кои се совпаѓаат со предниот крај на цревото.



НАПОМЕНА

- Инсталирајте го цревото за одвод со надолен наклон.
- НЕ се дозволени свиткувања.
- НЕ ставајте го крајот на цревото во вода.



- **Продолжеток на црево за одвод.** За да го продолжите цревото за одвод, користете црево набавено на лице место со внатрешен Ø16 mm. НЕ заборавајте да користите црево за топлинска изолација на внатрешниот дел на продолжетокот на црево.



- **a** Црево за одвод доставено со внатрешната единица
- **b** Црево за топлинска изолација (се набавува на лице место)
- **c** Продолжеток на црево за одвод

- **Ригидна цевка од поливинил хлорид.** Кога поврзувате ригидна цевка од поливинил хлорид (номинален Ø13 mm) директно на цревото за одвод како со работа со вградена цевка, користете одводен канал набавен на лице место (номинален Ø13 mm).



- **a** Црево за одвод доставено со внатрешната единица
- **b** Одводен канал со номинален Ø13 mm (се набавува на лице место)
- **c** Ригидна цевка од поливинил хлорид (се набавува на лице место)

- **Кондензација.** Преземете мерки против кондензација. Изолирајте ги сите цевки за одвод во зградата.

1 Ставете го цревото за одвод во цевката за одвод како што е прикажано на следната слика, па така нема да се извлекува од цевката за одвод.



Да ги поврзете цевките на десната страна, десно назад или долу десно

ИНФОРМАЦИИ

Фабричкиот стандард е цевките да бидат од десната страна. За цевки од лева страна, извадете ги цевките од десната страна и инсталирајте ги на левата страна.

1 Закачете го цревото за одвод со леплива винилна лента за долниот дел од цевките со разладно средство.

2 Завиткајте ги цревото за одвод и цевките за разладно средство заедно со користење лента за изолирање.



- **A** Цевки на десна страна
- **B** Цевки долу десно
- **C** Цевки назад десно
- **a** Извадете ја облогата на портата на цевката тука за цевки на десна страна
- **b** Извадете ја облогата на портата на цевката тука за цевки десно долу

Да ги поврзете цевките на левата страна, лево назад или долу лево

ИНФОРМАЦИИ

Фабричкиот стандард е цевките да бидат од десната страна. За цевки од лева страна, извадете ги цевките од десната страна и инсталирајте ги на левата страна.

1 Извадете го шрафот за прицврстување на изолацијата од десната страна и извадете го цревото за одвод.

2 Извадете го приклучокот за одвод од левата страна и закачете го на десната страна.

НАПОМЕНА

НЕ применувајте масло за подмачкување (разладно масло) на приклучокот за одвод кога го ставате. Приклучокот за одвод може да се расипе и да дојде до истекување од приклучокот.

3 Ставете го цревото за одвод од левата страна и не заборавајте да го прицврстите со шрафот за затегање; во спротивно може да се појави истекување вода.



a Шраф за прицврстување изолација
b Одводно црево

4 Прикачете го цревото за одвод на долната страна на цевките за разладно средство со користење леплива винилна лента.



A Цевки на лева страна
B Цевки назад лево
C Цевки долу лево
a Извадете ја облогата на портата на цевката тука за цевки на лева страна
b Извадете ја облогата на портата на цевката тука за цевки лево долу

Да проверите за истекувања на вода

1 Извадете ги филтрите за воздух.

2 Постепено истурајте околу 1 l вода во сливникот и проверете дали некаде има истекување вода.



6 Инсталирање на цевковод

6.1 Подготвување цевковод за разладно средство

6.1.1 Барања за цевковод за разладно средство

НАПОМЕНА

Цевководот и другите делови под притисок треба да бидат соодветни за разладното средство. Користете бакар без споеви деоксидиран со фосфорна киселина за цевковод за разладно средство.

- Туѓите материјали внатре во цевките (вклучувајќи масла за производство) мора да се ≤30 mg/10 m.

Дијаметар на цевковод за разладно средство

Користете ги истите дијаметри како поврзувањата на надворешните единици:

Надворешен дијаметар на цевка (mm)	
Цевка за течност	**Цевка за гас**
Ø6,4 (1/4")	Ø9,5 (3/8")

Материјал на цевковод за разладно средство

Материјал на цевките

Бакар без споеви деоксидиран со фосфорна киселина

Конусни поврзувања

Користете само кален материјал.

Степен на темперирање и дебелина на цевки

Надворешен дијаметар (Ø)	Степен на темперирање	Дебелина (t)[(a)]	
6,4 mm (1/4")	Кално (O)	≥0,8 mm	

[(a)] Во зависност од применливата легислатива и максималниот работен притисок на единицата (видете "PS High" на плочката со име на единицата), може да е потребна поголема дебелина на цевки.

6.1.2 Изолација на цевките со разладно средство

- Користете полиетиленска пена како изолациски материјал:
  - со стапка на пренос на топлина помеѓу 0,041 и 0,052 W/mK (0,035 и 0,045 kcal/mh°C)
  - со отпорност на топлина од најмалку 120°C
- Дебелина на изолација:

Надворешен дијаметар на цевка ($Ø_p$)	Внатрешен дијаметар на изолација ($Ø_i$)	Дебелина на изолација (t)
6,4 mm (1/4")	8~10 mm	≥10 mm



Ако температурата е повисока од 30°C и влажноста е повисока од RH 80%, дебелината на изолациските материјали треба да е најмалку 20 mm за да се спречи кондензација на површината на изолацијата.

6.2 Поврзување на цевководот со разладно средство

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД ГОРЕЊЕ/ПАЛЕЊЕ

6.2.1 Упатства при поврзување на цевководот за разладно средство

Земете ги во предвид следните упатства кога ги поврзувате цевките:

- Подмачкајте ја внатрешната површина на конусот или со масло или со масло на естер кога поврзувате конусна навртка. Затегнете 3 или 4 вртења со рака, пред цврсто да затегнете.



- СЕКОГАШ користете 2 клуча заедно кога олабавувате конусна навртка.
- СЕКОГАШ користете француски клуч и моментен клуч заедно за да ја затегнете конусната навртка кога го поврзувате цевководот. Ова е за да се спречи кршење на навртката и истекувања.



a Моментен клуч
b Француски клуч
c Споен цевковод
d Конусна навртка

Големина на цевковод (mm)	Момент на затегање (N•m)	Димензии на конус (A) (mm)	Форма на конус (mm)
Ø6,4	15~17	8,7~9,1	
Ø9.5	33~39	12,8~13,2	

6.2.2 Да го поврзете цевководот за разладно средство со внатрешната единица

A2L **ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ: БЛАГО ЗАПАЛИВ МАТЕРИЈАЛ**

Разладното средство во единицата е слабо запаливо.

- **Должина на цевка**. Цевките за разладно средство нека бидат што е можно пократки.

1 Поврзете ги цевките за разладно средство со единицата со користење **конусни поврзувања**.

2 **Изолирајте** ги цевките за разладно средство, кабелот за меѓусебно поврзување и цревото за одвод на внатрешната единица како што следи:



a Цевка за гас
b Изолација на цевката за гас
c Кабел за меѓусебно поврзување
d Цевка за течност
e Изолација на цевка за течност
f Завршна лента
g Одводно црево

НАПОМЕНА

Уверете се дека сте ги изолирале сите цевки за разладно средство. Која било изложена цевка може да предизвика кондензација.

6.3 Проверка на цевководот со разладно средство

6.3.1 Да проверите за истекувања

НАПОМЕНА

НЕ надминувајте го максималниот работен притисок на единицата (видете "PS High" на плочката со име на единицата).

НАПОМЕНА

СЕКОГАШ користете го препорачаниот раствор за тестирање на меурчиња од продавачот на големо.

НИКОГАШ не користете сапуница:

- Сапуницата може да предизвика напукнување на компоненти, како што се конусни навртки или капачиња на вентил за запирање.
- Сапуницата може да содржи сол, кој абсорбира влага што ќе замрзне кога цевките ќе се изладат.
- Сапуницата содржи амонијак што може да доведе до корозија на конусните спојки (помеѓу месинганата конусна навртка и бакарниот конус).

1 Полнете го системот со гасовит азот до притисок на мерачот од најмалку 200 kPa (2 бари). Се препорачува да биде под притисок до 3000 kPa (30 бари) или повеќе (во зависност од локалната легислатива) за да се откријат мали истекувања.

2 Проверете за истекувања со нанесување на растворот за тестирање на меурчиња на сите поврзувања.

3 Испразнете го сиот гасовит азот.

6.3.2 Да извршите вакуумско сушење

1 Вакуумирајте го системот додека притисокот на цевководот не покаже −0,1 MPa (−1 бар).

2 Оставете го така 4-5 минути и проверете го притисокот:

Ако притисокот…	Тогаш…
Не се менува	Нема влага во системот. Оваа постапка е завршена.
Се зголемува	Има влага во системот. Одете на следниот чекор.

3 Вакуумирајте го системот најмалку 2 часа до притисок на мерачот од −0,1 kPa (−1 бари).

4 По ИСКЛУЧУВАЊЕТО на пумпата проверувајте го притисокот најмалку 1 час.

5 Ако НЕ го постигнете целниот вакуум или НЕ МОЖЕТЕ да го одржувате вакуумот 1 час, направете го следново:

- Повторно проверете за истекувања.
- Повторно извршете вакуумско сушење.

7 Електрична инсталација

ОПАСНОСТ: РИЗИК ОД СТРУЕН УДАР

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

СЕКОГАШ користете кабел со повеќе јадра за кабли за електрично напојување.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Користете сеполен автоматски прекинувач со најмалку 3 mm зазор помеѓу контактните точки, што обезбедува целосно исклучување под преднапон од категорија III.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Ако кабелот за електрично напојување е оштетен, тој МОРА да се замени од производителот, негов сервисер или слично квалификувани лица за да се избегне опасност.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

НЕ поврзувајте го електричното напојување на внатрешната единицата. Тоа може да доведе до струен удар или пожар.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

- НЕ употребувајте локално купени електрични делови во производот.
- НЕ изведувајте електрично напојување од пумпата за одвод и сл. од терминалниот блок. Тоа може да доведе до струен удар или пожар.

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Чувајте ги жиците за меѓусебно поврзување подалеку од бакарните цевки без термална изолација бидејќи таквите цевки ќе бидат многу жешки.

7.1 Спецификации на компоненти за стандардно вжичување

НАПОМЕНА

Препорачуваме користење цврсти жици. Ако се користат испреплетени жици, малку насукајте ги жичките за да го консолидирате крајот на спроводникот или за директно користење во стегата на терминалот или ставање во округол порабен терминал. Детали се опишани во "Упатство кога се поврзува електрично вжичување" во референтното упатство за инсталатерот.

Спецификации	
Напон	220~240 V
Фаза	1~
Фреквенција	50 Hz
Кабел за меѓусебно поврзување	Користете само усогласена жица која обезбедува двојна изолација и соодветна на применливиот напон. 4-јадрен кабел Минимум 1,5 mm²

7.2 Да го поврзете електричното вжичување со внатрешната единица

ПРЕДУПРЕДУВАЊЕ

Преземете соодветни мерки да спречите единицата да може да се користи како засолниште од мали животни. Малите животни кои може да дојдат во допир со електрични делови може да предизвикаат дефекти, чад или пожар.

НАПОМЕНА

- Снабдувањето со напојување и интерконекциското вжичување чувајте ги одделени едно од друго. Интерконекциското вжичување и вжичувањето за електрично напојување може да се вкрстат, но НЕ може да одат паралелно.
- Со цел да се избегне каква било електрична интерференција растојанието помеѓу двете вжичувања треба СЕКОГАШ да биде најмалку 50 mm.

Електричарските работи треба да се извршат во согласност со упатството за инсталирање и националните правила за електрично вжичување или работниот норматив.

1 Поставете ја внатрешната единица на куките на плочата за монтирање. Користете ги ознаките "△" како упатство.



a Плоча за монтирање (додаток)
b Кабел за меѓусебно поврзување
c Водич за жица

2 Отворете го предниот панел, а потоа капакот за сервисирање. Погледнете "5.2 Отворање на внатрешната единица" [▶ 6].

3 Протнете го кабелот за меѓусебно поврзување од надворешната единица низ отворот за напојување во ѕидот, низ задниот дел на внатрешната единица и низ предната страна.

Белешка: Во случај кабелот за меѓусебно поврзување да е претходно оголен, покријте ги краевите со лента за изолирање.

4 Свиткајте го крајот на кабелот нагоре.



a Терминален блок
b Блок на електрична компонента
c Стега за кабел

5 Оголете ги краевите на жицата околу 15 mm.

6 Усогласете ги боите на жиците со броевите на терминалите на терминалните блокови на внатрешната единица и цврсто затегнете ги жиците со одговарачките терминали.

7 Поврзете ја жицата за заземјување со соодветниот терминал.

8 Цврсто затегнете ги жиците со терминалните шрафови.

9 Повлечете ги жиците за да се уверите дека се безбедно закачени, потоа опфатете ги жиците со држач на жица.

10 Обликувајте ги жиците така да капакот за сервисирање безбедно се вклопува, а потоа затворете го капакот за сервисирање.



8 Завршување на инсталирањето на внатрешната единица

8.1 Да ги изолирате цевките за одвод, цевките за разладно средство и каблите за меѓусебно поврзување

1 Откако сте завршиле со одводниот цевковод, цевководот за разладно средство и електричното вжичување, завиткајте ги цевководот за разладно средство, кабелот за меѓусебно поврзување и цревото за одвод заедно со користење лента за изолирање. Преклопете барем половина од ширината на лентата при секое намотување.



- **a** Одводно црево
- **b** Кабел за меѓусебно поврзување
- **c** Плоча за монтирање (додаток)
- **d** Цевковод за разладно средство
- **e** Шраф за прицврстување на внатрешна единица M4×12L (додаток)
- **f** Долна рамка

8.2 Да поминат цевките низ отворот во ѕидот

1 Обликувајте ги цевките за разладно средство по должината на патеката на цевките означена на плочата за монтирање.



- **a** Одводно црево
- **b** Затнете го овој отвор со кит или материјал за заптивање
- **c** Леплива винилна лента
- **d** Изолациска лента
- **e** Плоча за монтирање (додаток)

НАПОМЕНА

- НЕ виткајте ги цевките за разладно средство.
- НЕ гурајте ги цевките за разладно средство кон долната рамка или предната решетка.



2 Протнете го цревото за одвод и цевките за разладно средство низ отворот во ѕидот и затворете го процепот со кит.

8.3 Да ја прицврстите единицата на плочата за монтирање

1 Поставете ја внатрешната единица на куките на плочата за монтирање. Користете ги ознаките "△" како упатство.



2 Притиснете ја долната рамка на единицата со двете раце да ја поставите на долните куки од плочата за монтирање. Уверете се дека жиците НЕ се притиснати никаде.

Белешка: Внимавајте кабелот за меѓусебно поврзување да НЕ се потфати во внатрешната единица.

3 Притискајте го долниот раб на внатрешната единица со двете раце додека не се прикачи цврсто за куките на плочата за монтирање.

4 Прицврстете ја внатрешната единица на плочата за монтирање со користење 2 шрафа за прицврстување на внатрешна единица M4×12L (додаток).

9 Конфигурација

9.1 Да поставите на различен канал на приемникот на инфрацрвен сигнал на внатрешната единица

Во случај кога се инсталирани 2 внатрешни единици во 1 просторија, може да го смените каналот за приемникот на инфрацрвен сигнал на внатрешната единица да избегнете конфузија на сигналот на безжичниот далечински управувач.

Предуслов: Извршете ги следните чекори за само 1 од единиците

1 Извадете ги батериите од корисничкиот интерфејс.

2 Отсечете го премостувачот за адреса.



a Премостувач за адреса

НАПОМЕНА

Внимавајте да НЕ оштетите некој од околните делови кога го сечете премостувачот за адреса.

3 Вклучете го електричното напојување.

Резултат: Капакот на внатрешната единица ќе се отвори и затвори за да ја постави референтната положба.

ИНФОРМАЦИИ

Во случај кога НЕ можете да го завршите поставувањето на време, исклучете го електричното напојување и почекајте најмалку 1 минута пред повторно да го вклучите електричното напојување.

4 Притиснете истовремено:

Модел	Копчиња
CTXF и ATXF	TEMP, TEMP и OFF

5 Притиснете:

Модел	Копчиња
CTXF и ATXF	TEMP

6 Избери:

Модел	Симбол
CTXF и ATXF	A

7 Притиснете:

Модел	Копче
CTXF и ATXF	FAN



a Ламбичка за операција
b Прекинувач ON/OFF на внатрешна единица

8 Притиснете го прекинувачот на внатрешната единица ON/OFF додека светка ламбичката за операција.

Премостувач	Адреса
Фабричко поставување	1
По сечење со клешти	2

ИНФОРМАЦИИ

Ако поставувањето НЕ може да се заврши додека трепка ламбичката за операција, повторете ја постапката за поставување од почеток.

9 Кога поставувањето е завршено, притискајте:

Модел	Копче
CTXF и ATXF	Задржете FAN притиснато околу 5 секунди.

Резултат: Корисничкиот интерфејс ќе врати на претходниот екран.

10 Пуштање во погон

НАПОМЕНА

СЕКОГАШ работете со единицата со термистори и/или сензори/прекинувачи за притисок. Доколку НЕ работите така, може да дојде до палење на компресорот.

10.1 Листа за проверка при пуштање во погон

1 По инсталирањето на единицата, проверете ги ставките наведени подолу.

2 Затворете ја единицата.

3 Вклучете ја единицата.

☐	Прочитајте ги целосните упатства за инсталација, како што е опишано во **референтното упатство за инсталатер**.
☐	**Внатрешните единици** се правилно монтирани.
☐	**Надворешната единица** е правилно монтирана.
☐	**Излез/влез за воздух** Проверете дали влезот или излезот за воздух на единицата НЕ е попречен со листови хартија, картон или некои други материјали.
☐	НЕМА **фази што недостасуваат** или **обратни фази**.
☐	**Цевките за разладно средство** (гас или течност) се топлински изолирани.
☐	**Одвод** Уверете се дека одводот истекува непречено. **Можна последица:** Кондензираната вода може да капе.
☐	Системот е правилно **заземјен** и земјените терминали се зацврстени.
☐	**Осигурувачите** или локално инсталираните уреди за заштита се инсталирани според овој документ и НЕ се заобиколени.
☐	**Напонот за снабдување со електрична енергија** одговара на напонот на идентификациската ознака на единицата.
☐	Наведените жици се употребени за **кабелот за меѓусебно поврзување**.
☐	Внатрешната единица прима сигнали од **корисничкиот интерфејс**.
☐	НЕМА **лабави поврзувања** или оштетени електрични компоненти во кутијата со осигурувачи.
☐	**Изолационата отпорност** на компресорот е ВО РЕД.
☐	НЕМА **оштетени компоненти** или **сплескани цевки** во внатрешноста на внатрешната и надворешната единица.
☐	НЕМА **истекувања на разладно средство**.
☐	Инсталирана е точна големина на цевка и **цевките** се правилно изолирани.

☐	**Вентилите за запирање** (гас или течност) на надворешната единица се целосно отворени.

10.2 Да извршите пробно вклучување

Предуслов: Снабдувањето со електрична енергија МОРА да биде во наведениот опсег.

Предуслов: Пробното вклучување може да се изврши во режим на ладење или греење.

Предуслов: Погледнете го упатството за работење на внатрешната единица за поставување температура, режим на работење...

1 Во режим на ладење, изберете ја најниската програмабилна температура. Во режим на греење, изберете ја највисоката програмабилна температура. Пробното вклучување може да се оневозможи ако е потребно.

2 Кога пробното вклучување ќе заврши, поставете ја температурата на нормално ниво. Во режим на ладење: 26~28°C, во режим на греење: 20~24°C.

3 Уверете се дека сите функции и делови работат правилно.

4 Системот запира со работење 3 минути откако единицата е ИСКЛУЧЕНА.

10.2.1 Да извршите пробно вклучување во зимска сезона

Кога клима уредот работи во режим на **ладење** во зима, поставете да ја тестирате операцијата на работење со користење на следниот метод.

1 Притиснете [TEMP ^], [TEMP v], и [OFF] истовремено.

2 Притиснете [TEMP ^].

3 Изберете 7°.

4 Притиснете [FAN].

5 Притиснете [COOL] да го вклучите системот.

Резултат: Операцијата пробно вклучување ќе запре автоматски по околу 30 минути.

6 За да запре операцијата, притиснете [OFF].

ИНФОРМАЦИИ

Некои од овие функции НЕ МОЖЕ да се користат во режим на тестирање операција на работење.

Ако снема електрично напојување во текот на работењето, системот автоматски рестарира веднаш откако е обновено напојувањето.

11 Фрлање

НАПОМЕНА

НЕ обидувајте се самите да го расклопите системот: расклопувањето на системот, третирањето на разладното средство, маслото и другите делови МОРА да соодветствува со применливата легислатива. Единиците МОРА да бидат третирани во специјализиран капацитет за третирање за повторно користење, рециклирање и поправка.

12 Технички податоци

- **Подзбир** на најновите технички податоци е достапен на регионалната Daikin веб-страница (достапно за јавноста).
- **Целиот сет** на најновите технички податоци е достапен на Daikin Business Portal (потребна е автентикација).

12.1 Дијаграм за вжичување

Дијаграмот за вжичување е испорачан со единицата, сместен е внатре во надворешната единица (долниот дел на горната плоча).

12.1.1 Легенда за унифициран дијаграм за вжичување

За применетите делови и броеви, погледнете го дијаграмот за вжичување на единицата. Бројот на дел е со арапски броеви по растечки редослед за секој дел и е претставен во прегледот подолу со "*" во шифрата на делот.

Симбол	Значење	Симбол	Значење
	Прекинувач на коло		Заштитно заземјување
			Бесшумно заземјување
			Заштитно заземјување (шраф)
	Поврзување	Ⓐ,	Исправувач
	Конектор		Конектор на релеј
	Заземјување		Конектор за краток спој
	Теренско вжичување		Терминал
	Осигурувач		Терминална лента
INDOOR	Внатрешна единица	○ ●	Стега за жица
OUTDOOR	Надворешна единица		Грејач
	Уред за диференцијална струја		

Симбол	Боја	Симбол	Боја
BLK	Црна	ORG	Портокалова
BLU	Сина	PNK	Розова
BRN	Кафеава	PRP, PPL	Пурпурна
GRN	Зелена	RED	Црвена
GRY	Сива	WHT	Бела
SKY BLU	Небесно сино	YLW	Жолта

Симбол	Значење
A*P	Печатена плоча
BS*	Копче за притискање ВКЛУЧЕНО/ИСКЛУЧЕНО, прекинувач за работење
BZ, H*O	Зујалка
C*	Кондензатор
AC*, CN*, E*, HA*, HE*, HL*, HN*, HR*, MR*_A, MR*_B, S*, U, V, W, X*A, K*R_*, NE	Поврзување, конектор
D*, V*D	Диода

Симбол	Значење
DB*	Диоден мост
DS*	DIP прекинувач
E*H	Грејач
FU*, F*U, (за карактеристики, погледнете ја печатената плоча во внатрешноста на вашата единица)	Осигурувач
FG*	Конектор (заземјување на рамка)
H*	Ремен
H*P, LED*, V*L	Пилот ламбичка, светлечка диода
HAP	Светлечка диода (сервисен монитор зелен)
HIGH VOLTAGE	Висок напон
IES	Сензор Интелигентно око
IPM*	Модул Интелигентно напојување
K*R, KCR, KFR, KHuR, K*M	Магнетен релеј
L	Под напон
L*	Калем
L*R	Реактор
M*	Чекорен мотор
M*C	Мотор на компресор
M*F	Мотор на вентилатор
M*P	Мотор на одводна пумпа
MR*, MRCW*, MRM*, MRN*	Магнетен релеј
N	Неутрално
n=*, N=*	Број на поминувања низ феритно јадро
PAM	Пулсно-амплитудна модулација
PCB*	Печатена плоча
PM*	Модул за напојување
PS	Прекинувачки извор за напојување
PTC*	PTC термистор
Q*	Биполарен транзистор со изолирана порта (IGBT)
Q*C	Прекинувач на коло
Q*DI, KLM	Автоматски прекинувач за заземјување
Q*L	Заштита од преоптоварување
Q*M	Термо прекинувач
Q*R	Уред за диференцијална струја
R*	Отпорник
R*T	Термистор
RC	Приемник
S*C	Прекинувач за ограничување
S*L	Пловечки прекинувач
S*NG	Детектор за истекување на разладно средство
S*NPH	Сензор за притисок (висок)
S*NPL	Сензор за притисок (низок)
S*PH, HPS*	Прекинувач за притисок (висок)
S*PL	Прекинувач за притисок (низок)
S*T	Термостат

Симбол	Значење
S*RH	Сензор за влажност
S*W, SW*	Прекинувач за работење
SA*, F1S	Пренапонска заштита
SR*, WLU	Приемник на сигнал
SS*	Прекинувач за избор
SHEET METAL	Плочка за фиксирање терминална лента
T*R	Трансформатор
TC, TRC	Предавател
V*, R*V	Варистор
V*R	Диоден мост, биполарен транзистор со изолирана порта (IGBT) модул за напојување
WRC	Безжичен далечински управувач
X*	Терминал
X*M	Терминална лента (блок)
Y*E	Калем на електронски експанзионен вентил
Y*R, Y*S	Калем на повратен соленоиден вентил
Z*C	Феритно јадро
ZF, Z*F	Филтер против бучава

DAIKIN ISITMA VE SOĞUTMA SİSTEMLERİ SAN. TİC. A.Ş.
Gülsuyu Mahallesi, Fevzi Çakmak Caddesi, Burçak Sokak, No:20, 34848 Maltepe
İSTANBUL / TÜRKİYE
Tel: 0216 453 27 00
Faks: 0216 671 06 00
Çağrı Merkezi: 444 999 0
Web: www.daikin.com.tr

Copyright 2024 Daikin

DAIKIN EUROPE N.V.
Zandvoordestraat 300, B-8400 Oostende, Belgium

3P748643-12M 2025.07